ОПШТИНА ГЕВГЕЛИЈА
MUNICIPALITY OF GEVGELIJA
СЕКТОР ЗА УРБАНИЗАМ, КОМУНАЛНИ РАБОТИ
И ЗАШТИТА НА ЖИВОТНА СРЕДИНА
Одделение за урбанизам, архитектура,
градежништво и заштита на животната средина
**Бр. 11-121/4**
**10.11.2025год.**
**Гевгелија**

Врз основа на член 50 став 3 од Законот за урбанистичко планирање („Службен весник на РМ" бр.32/20, 111/23, 171/24, 224/24, 40/25, 101/25 и 127/25) и член 62 од Статутот на Општина Гевгелија, Градоначалникот на општина Гевгелија го дава следното

# СООПШТЕНИЕ ЗА ЈАВЕН ПОВИК

Се известуваат физичките и правните лица од опфатот на Урбанистички план вон населено место за индустриска зона "БЛОКОТЕХНА" КО Негорци, општина Гевгелија дека Градоначалникот на општина Гевгелија донесе Одлука за спроведување на

**Јавна презентација и јавна анкета за**
**Урбанистички план вон населено место за индустриска зона "БЛОКОТЕХНА" КО Негорци, општина Гевгелија**

Локацијата на планскиот опфат се наоѓа во индустриската зона ,,Блокотехна,, с.Негорци, општина Гевгелија.

Вкупната површина на планскиот опфат изнесува 23,73 ha.

**Јавната презентација** со стручно презентирање на планот ќе се одржи **во Народен театар Гевгелија на ден 28.11.2025 година (петок) со почеток во 12.00 часот.**

Одлуката за организирање на јавната анкета и јавна презентација ќе биде објавена на огласна табла во Секторот за урбанизам, комунални работи и заштита на животната средина при Општина Гевгелија, на веб страната на Општина Гевгелија www.gevgelija.gov.mk, во Службен Гласник на Општина Гевгелија и на неколку локации во опфатот.

Јавната анкета ке трае 30 дена и тоа од 28.11.2025г. до 28.12.2025г.

Во споменатиот рок заинтересираните граѓани и правни лица од подрачјето опфатено со планот, како и државните органи и други институции ке можат да ги доставуваат своите забелешки, предлози и мислења на анкетни листови.

Градоначалник
на општина Гевгелија
***Андон Сарамандов***

Општина Гевгелија/Municipality of Gevgelija
Dimitar Vlahov 4, 1480 Gevgelija- Republika Makedonija
Tel/faks ++389 34 212 137, ++389 34 217 868
e-mail:gevgelijao@mt.net.mk
www.gevgelija.gov.mk